# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**24 јуни 2024 година Гевгелија Број 10 Година XXXXIII**

# СОДРЖИНА:

**347.Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија……………………………………………………………………………………………………….4**

**348.Решение за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија…..........................6**

**349.Програма за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2024 година................................................................................................................8**

**350.Заклучок за усвојување на Елаборатот за процена на штета од природна непогода – невреме проследено со дожд и град што ги зафати населените места Гевгелија, Мрзенци, Негорци, Милетково и Богородица на ден 12.03.2024 година,..................................................................................................................10**

**351.Одлука за прифаќање донација од компанијата "ОКТА" АД Скопје,................................................16**

**352.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија, (барател: Друштво за трговија на мало "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје)....................................19**

**353.Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година,.....................................................................................................................22**

**354.Одлука за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите и поделба на ГП бр.22 од Детален урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија,.........................................................................................................................................................24**

**355.Одлука за продолжување на работното време на диско клуб "DE FACTO" – Гевгелија,..................26**

**356.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски" – Гевгелија за 2025 година,..........................................................................................................................28**

**357.Решение за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за 2024 година,...........................................................30**

**358.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за 2025 година,..........................................................................................................................32**

**359.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија за 2025 година,..........................................................................................................................34**

**360.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Ристо Шуклев" – Негорци за 2025 година,..........................................................................................................................36**

**361.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Климент Охридски" – Мираввци за 2025 година,.....................................................................................................................38**

**362.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООМУ "Васо Карајанов" – Гевгелија за 2025 година,..........................................................................................................................40**

**363.Одлуказа кофинансирање на инвестициски проект „Изградба на спортско-рекреативен парк Топлик“ во рамките на проектот „Зајакнување на општински совети - фаза 2“ во општина Гевгелија“.....42**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**објавување на Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

Се објавува Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/2
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член46 став (1)став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 9 став (1) и (4) од Законот за пратениците (″Службен весник на РМ″ бр.84/05, 161/08, 51/11, 109/14, 140/18 и 27/19 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија

1.На **Сашко Јанчев**, член на Советот на Општина Гевгелија, му престанува мандатот на член на Советот на Општина Гевгелија, поради стапување на функцијата пратеник во Собранието на РСМ, сметајќи од 28.05.2024 година како ден на верификација на мандатот на пратеникот.

2.Примерок од Решениетоза констатирање престанок на мандатот да се достави до членот на Советот и до Општинската изборна комисија од Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-800/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**објавување на Решение за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

Се објавува Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/3
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
наОпштина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, разгледувајќи го Предлог-Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати, го донесе следново

# РЕШЕНИЕ

**за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

1.Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Гевгелија, **Николчо Петров**, од листата на кандидати на политичката партија ЛЕВИЦА.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-801/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода - невреме проследено со дожд и град што ги зафати населените места Гевгелија, Мрзенци, Негорци, Милетково и Богородица на 12.03.2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода - невреме проследено со дожд и град што ги зафати населените места Гевгелија, Мрзенци, Негорци, Милетково и Богородица на 12.03.2024 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/4
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 143 и 146 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18год., и "Службен весник на РСМ" бр.215/21 год.) и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 година), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 18.06.2024 година, по расправата за Предлог-Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода–невреме проследено со дожд и град што ги зафати населените места Гевгелија, Мрзенци, Негорци, Милетково и Богородица на 12.03.2024 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода - невреме проследено со дожд и град што ги зафати населените места Гевгелија, Мрзенци, Негорци, Милетково и Богородица на 12.03.2024 година, изготвен од Општинската комисија за процена на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди во Општина Гевгелија, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.Елаборатот да се достави до Републичката комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, Владата на РСМ, Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заради разгледување и превземање на потребните активности и мерки.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-802/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програматаза финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2024 година**

Се објавува Програматаза финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелијаза организирање програмски активности во 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/5
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20. 02/21 и 05/21 год.),Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2024 година

### 1.Цели

Основни цели на оваа Програма за поддршка на активностите на НВО секторот во 2024 година се:

- создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи,
-давање поддршка на проекти со коишто ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани,
-афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

### 2.Активности

Во 2024 година општината ќе ги поддржи следните активности на НВО секторот, и тоа:

| Ред. Бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Одобрени средства за Буџетот на О.Гевгелија за 2024 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | Здружение на пензионери на општина Гевгелија | -Регионални и републички спортски игри,<br>-Културни манифестации, ревии, регионални и републички музички, песни и игри.... | 20.000 ден. |
| 2 | Здружение на слепи лица- Гевгелија | -Дводневна екскуризја во Охрид... | 20.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | **Здружение за спорт и рекреација на инвалиди - Гевгелија** | **-Организирање на Стара Нова Година.....<br>-Организирање на рекреативен риболов...<br>-Набавка на технички материјал за организирање на трибина...** | **30.000 ден.** |
| 4 | **Здружение на лица со телесен инвалидитет на Гевгелија ″МОБИЛНОСТ″- Гевгелија** | **-Организирање на денот на жената 8-ми март,<br>-еднодневна екскурзија со активност во природа,<br>Одбележување на 3-ти декември Меѓународниот ден на лицата со попреченост....** | **20.000 ден.** |
| **5** | **Црвен крст на РСМ, ОО-Гевгелија** | **-Секое дете со својата автентичност 2,<br>-Биди херој во твојата заедница – научи прва помош,<br>-Акција за справување со топлотен бран 2024 год.<br>-Народна кујна за помош на социјално-ранливи граѓани....** | **220.000 ден.** |
| **6** | **Здружение на пчелари на општина Гевгелија "НЕКТАР" - Гевгелија** | **-Организирање на тридневна манифестација ДЕНОВИ НА МЕДОТ Гевгелија 2024 год.** | **25.000 ден.** |
| 7 | **ЗГ „МАКЕДОНСКА ПЧЕЛА“- Негорци** | **-Регионално унапредување и популаризација на пчеларството...** | **15.000 ден.** |
| **8** | **Здружение за мултимедиална култура МУЛТИМЕДИЈА –Скопје, отсек Гевгелија** | **-Бизнис вмрежување: Компилација на дејности и можности...** | **25.000 ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | Здружение за социјална поддршка и хумани вредности "Прегратка за сите" – Гевгелија | -Од децата за децата,<br>-Природа, моја причина што дишам,<br>-Се грижам за децата.... | 15.000 ден. |
| 10 | Здружение на пчелари "АПИТОКСИН"-Гевгелија | -Едукативни предавања – Вовед во пчеларство за основни училишта...<br>-Саем на пчелни производи: Кожуфско пчелогорје..... | 25.000 ден. |
| 11 | Национална алијанса за лица со посебни потреби-Гевгелија | -Психолошка поддршка на родители и корисници.... | 350.000 ден. |
| 12 | Здружение за еднакви можности и остварување на правата и жените во руралните средини "АФИРМИРА"-Гевгелија | -СТОП ЗА БУЛИНГОТ,<br>-НАСЛЕДСТВО ОД ЈУГОТ, | 20.000 ден. |
| 13 | ОО на СОЈУЗ НА БОРЦИТЕ од НОВ – Гевгелија и продолжувачи | -за режиски трошоци,<br>-за реализирање на програмски активности.... | 10.000 ден. |
| 14 | ЗГ "ГЕВГЕЛИЈА ТОЧАК КЛУБ" - Гевгелија | -ГЕВГЕЛИСКА ПРОЛЕТ,<br>-СИТЕ УФ СЕРМЕНИН,<br>-ГЕВГЕЛИЈА СЕ ТРКА,<br>-ГЕВГЕЛИСКИ ВЕЛО НАСТАН,<br>-Денови на дрвото...... | 55.000 ден. |
| 15 | ЗГ ЖРК "ВЕТЕРАНИ ЈУГ" - Гевгелија<br>------------------------------ | -Ревијален натпревар со ветеранки Куманово....... | 35.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 | Кинолошко друштво ″КОЖУФ″ -Гевгелија | -Меѓународна изложба на сите раси на кучиња (2),<br>-Тековна работа на терен, посета на сопственици на расни кучиња... | 40.000 ден. |
| 17 | Асоцијација за пулмонална хипертензија "МОМЕНТ ПЛУС" - Гевгелија | -Подобрување на негата и третманот во лекувањето на ПХ,<br>-Реализирана кампања за подигање на јавната и институционална свест за постоење на ПХ...... | 20.000 ден. |
| 18 | ЗГ "СМОКВИЦА"-Гевгелија | -Курбан од црква СВ.Димитрија (3) | 15.000 ден. |
| 19 | СПА И ВЕЛНЕС АСОЦИЈАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА | -Одржливост на проектот СИТЕ ЗА СПОРТ,<br>-Одржливост на проектот АКЦИЈА ЗА ЗДРАВИ МЛАДИ... | 15.000 ден. |
| 20 | ЗГ "ЧЕЈНЏМЕЈКЕРС"-Гевгелија | -Зелен град – ден за садење дрвја,<br>-0 отпад – организирање на ланецот на селектирање и рециклирање отпад,<br>-Слушам кај шумат шумите....<br>-Сакам да дишам,<br>-Безбеден град... | 50.000 ден. |
| 21 | ЗГ Навивачки клуб "ФАНТОМИ" - Гевгелија | -Бодрење на градските клубови КК КОЖУФ, ФК КОЖУФ...<br>-Правење на навивачки реквизити....<br>-Прослава на навивачката група... | 40.000 ден. |
| 22 | ЗГ Месна заедница Богородица – с.Богородица | -Традиционални првомајски трки.... | 15.000 ден. |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **23** | **Општински противпожарен сојуз – Гевгелија** | **-Организирање и спроведување на квиз натпревари.....,<br>-Изготвување на информативен пропаганден материјал,<br>-Ангажирање на доброволни пожарникари....** | **20.000 ден.** |
| **24** | **Регионален центар за одржлив развој – Гевгелија** | **-Програма за развој на граѓанскиот сектор,<br>-Програма за поттикнување на младинскиот активизам,<br>-Програма за развој на локална демократија...** | **20.000 ден.** |
| **25** | **Здружение за социјални работи "ВЕРА и НАДЕЖ" - Гевгелија** | **-Игрите од детството на тато и мама,<br>-Ало! Ќе дојш да си играјме на....?** | **15.000 ден.** |
| **26** | **ЗГ Ловечко друштво "ОРЕЛ" - Гевгелија** | **-Ловечка вечер,<br>-Свечено отворање на ловната сезона на 11-ти Октомври......** | **30.000 ден.** |
| **27** | **ДРУГИ АКТИВНОСТИ: 40.000 ден.** | | |
| | **Вкупно планирани средства од Буџетот на О.Гевгелија за 2024 година: 1.200.000 ден.** | | |

**3.Финансирање**

**-**Активностите утврдени со оваа Програма општината ќе ги поддржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма ДО.

**4**. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-803/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**објавување на Одлука за прифаќање на донација од компанијата "ОКТА" АД – Скопје**

Се објавува Одлуката заприфаќањенадонацијаод компанијата "ОКТА" АД – Скопје, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/6
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

## За прифаќање на донација од компанијата "ОКТА" АД – Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Гевгелија во својство на примател на донација ја прифаќа донацијата од компанијата "ОКТА" – АД Скопје, која што се состои во **поставување на фотоволтаична централа со капацитет од околу 31 KWp на ЈОУДГ "Детска Радост"–Гевгелија, во вредност од 901.173,оо денари со вклучен ДДВ.**

### Член 2

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Се задолжува одделението за правни работи во Општина Гевгелија да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-804/1
18.06.2024год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/7
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20 и 111/23) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изменува и дополнуваОдлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија, донесена на 41-та седница на Советот на О.Гевгелија под бр.09-579/1 од 12.04.2024 год. ("Службен гласник на О.Гевгелија" бр.08/2024 од 16.04.2024 год.), во **"ОДЛУКА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 10 и ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК 10 (ДЕЛ ОД БЛОК 10.5) – ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА".**

**Член 2**

Во член 1 и член 2 од горенаведената Одлука, формулацијата: Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија, се заменува со нова формулација: **измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10 и Измена и дополна на детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) – Обединета постапка.**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-805/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/8
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член40од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23“) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл. Гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година , се врши следнава измена и дополнување:

Во Глава II, поднасловот 2 - Изработка на детални урбанистички планови за град Гевгелија по блокови, ревизија и измена на донесени детални урбанистички планови во став 2.10 се брише:

- Изработка на Измена и дополнување на Детален урбанистилки план за дел од блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија.

Во Глава II, поднаслов 1 Измена и дополнување на ГУП на град Гевгелија се додава:

**-Измена и дополна на Генерален урбанистички план за блок 10 и Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од блок 10.5) – Обединета постапка.**

2.Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-806/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите и поделба на ГП бр.22 од Детален урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите и поделба на ГП бр.22 од Детален урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/9
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 62 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/220 и 111/2023), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

## за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите и поделба на ГП бр.22 од Детален урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите и поделба на ГП бр.22 од Детален урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија со графички приказ на урбанистичкиот проект и текстуален дел на урбанистичкиот проект.

### Член 2

Проектниот опфат на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите и поделба на ГП бр.22 од Детален урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 1.376,79 $m^2$.

Во границите на проектниот опфат влегува градежната парцела бр.22од Детален Урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија.

### Член 3

Градежната парцела опфатена со Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите и поделба на ГП бр.22 од Детален урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија е со намена Г4 – стоваришта, складови и отпади.

**Член 4**

Урбанистичкиот Проект со план за парцелација за промена на границите и поделба на ГП бр.22 од Детален урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите и поделба на ГП бр.22 од Детален урбанистички план за стопанска зона ,,Блокотехна,, Негорци, општина Гевгелија по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-807/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на диско клуб "ДЕ ФАКТО" - Гевгелија**

Се објавува Одлука за продолжување на работното време на диско клуб "ДЕ ФАКТО" -Гевгелија,што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/10
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 г), член 23 став (3) од Законот за угостителска дејност (,,Службен весник на РМ" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 71/16 г. и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20 г.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 18.06.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

**за продолжување на работното време на диско клуб "ДЕ ФАКТО" -Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на диско клуб "ДЕ ФАКТО"- Гевгелија, во сопственост на барателот "СПАЈДЕР МУЛТИПЛЕКС" ДООЕЛ од Гевгелија, со седиште на ул.,,Вардарски рид" бр.20 во Гевгелија, за време од два часа од регистрираното работно време на диско клубот.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа, односно до 07,00 часот наутро важи за 23.06.2024 година (сабота спрема недела**)**.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-808/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ ″Јосиф Јосифовски″-Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ ″Јосиф Јосифовски″-Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/11
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија (Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 18.06.2024 година

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Годишниотплан за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2025 година**

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија, со архивски број 01-472/1 од 16.05.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-809/1
18.06.2024год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/12
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20), член 84 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и бр.229/20) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21),Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 18.06.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија за 2024 година**

1.Се дава согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување за 2024 год. на ООУ „Владо Кантарџиев“-Гевгелија, бр.01-208/1 од 07.06.2024 год.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-810/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решениеза давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелијаза 2025 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелијаза 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/13
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20), член 84 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и бр.229/20) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06,8/10,18/14,13/20,02/21 и 05/21),Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 18.06.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелијаза 2025 година**

1.Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 год. на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, бр.01-179/1 од 10.05.2024 год.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-811/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**заобјавување на Решение за давање согласност на Годишниотплан за вработување на ООУ ″Крсте Мисирков“-Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Решениетоза давање согласност на Годишниотплан за вработувањена ООУ ″Крсте Мисирков“-Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/14
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 г.), член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.16/19 и 229/20 г.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелијанаседница одржана на 18.06.2024 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Годишниотплан за вработување**
**на ООУ ″Крсте Мисирков“-Гевгелија за 2025 година**

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Крсте Мисирков“ – Гевгелија за 2025 година, со архивски број 01-213/1 од 09.05.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-812/1
18.06.2024год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 год. на ООУ “Ристо Шуклев“-Негорци**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 год. на ООУ “Ристо Шуклев“-Негорци, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/15
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ бр.143/19 и 14/20), член 84 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РСМ“ бр.161/19 и бр.229/20) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20,02/21 и 05/21 ), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 18.06.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 год. на ООУ “Ристо Шуклев“- Негорци**

1.Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 год. на ООУ “Ристо Шуклев“-Негорци бр.01-141/1 од 09.05.2024 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-813/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 год. на ООУ „Климент Охридски“-Миравци**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 год. на ООУ „Климент Охридски“-Миравци, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/16
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 84 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РСМ“ бр.161/19 и бр.229/20) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелијабр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 18.06.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 год. на ООУ „Климент Охридски“-Миравци**

1.Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 год. на ООУ „Климент Охридски“-Миравци бр.01-165/1 од 10.05.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-814/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решениеза давање согласност на Годишниот план за вработување на ООМУ ″Васо Карајанов″-Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООМУ ″Васо Карајанов″-Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/17
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор(,,Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 год.), член 84 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр.16/19 и 229/20 год.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 18.06.2024 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Годишниот план за вработување**
**на ООМУ ″Васо Карајанов″-Гевгелија за 2025 година**

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на ООМУ ,,Васо Карајанов“ – Гевгелија со архивски број 01-43/1 од 09.05.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-815/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на инвестициски проект „Изградба на спортско-рекреативен парк Топлик“ во рамките на проектот „Зајакнување на општински совети - фаза 2“ во општина Гевгелија“**

Се објавува Одлукатаза кофинансирање на инвестициски проект „Изградба на спортско-рекреативен парк Топлик“ во рамките на проектот „Зајакнување на општински совети - фаза 2“ во општина Гевгелија“, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 18.06.2024 година.

Бр.08-818/18
19.06.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 62 и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 18.06.2024 година, донесе:

# ОДЛУКА
**за кофинансирање на инвестициски проект „Изградба на спортско-рекреативен парк Топлик“ во рамките на проектот „Зајакнување на општински совети - фаза 2“ во општина Гевгелија“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува кофинансирање од 2.077.142,00 денари за реализација на инвестицискиот проект:„Изградба на спортско-рекреативен парк Топлик“ во рамките на проектот „Зајакнување на општински совети - фаза 2“**.** Носител на проектот е Општина Гевгелија.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-816/1
18.06.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**